# ЛАЗО ЃРПОВСКИ

*Изработиле:*
*Клара Еленова IXБ*
*Лина Шапкарова IXБ*

# Лазо Трповски

- **Лазо Трповски :** (Д’мбени, Костурско, 1901 г. - Хејбели, Кожанско, 11-ти Април 1943 г.) — знаменит македонски комунист од Егејска Македонија, еден од организаторите на народно-ослободителната борба на македонското население во Егејска Македонија.



# Рани години

- Лазо Трповски е роден како прво дете на Насо Трповски, чие семејство дало многу револуционери, активни учесници во револуционерното движење во Егејска Македонија и Грција.
- Првата светска војна го затекнала како момче на петнаесетина години. Не е познато кога точно станал активен член на Комунистичката партија на Грција, но честопати го предизвикувал вниманието на полицијата поради своите отворени истапи против експлоатацијата на работниците.
- Јавно ги жигосувал спогодбите меѓу грчката и бугарската влада за размена на населението од 1919 до 1924 година со кои македонското население од Егејска Македонија било искоренувано од својата земја.



# Надвор од Македонија

- Во 1928 година на Лазо Трповски му се заканувало апсење и судење од воен суд поради неговата политичка дејност, така што тој бил принуден да замине од Грција и емигрирал во Канада.

- Во текот на следните четири години, покрај секојдневната работа за обезбедување на својата егзистенција, активно учествувал во синдикалниот и политичкиот живот на Канада. Се зачленил во Комунистичката партија на Канада, а делувал и во напредните македонски емигрантски организации (МАНС). Канадската полиција, искористувајќи еден политички инцидент во 1932 година, го уапсила Трповски за кого подоцна било донесено решение да биде екстрадиран во Грција.
- На канадските комунисти им успеало на патот од Канада за Лондон да го ослободат Трповски и тој, наместо за Грција, заминал за Советскиот Сојуз. Во Москва останал три години
- Пред да биде депортиран од Канада, Трповски, испратил писмо до своите канадски другарите во кое напишал: „Дали ќе останам жив, не е толку важно. Јас нема да бидам ни првиот, ни последниот што ќе го жртвува својот живот во борбата.Убеден сум дека Вие, моите другари, ќе го продолжите и ќе го завршите тоа дело...

# ЗАТВОР И ИНТЕРНАЦИЈА

- Во 1935 година,Трповски бил префрлен во Грција. Веднаш се вклучил во партиските активности, како и во активностите на ВМРО (Обединета)

- Тој бил познат по своите способности за прикривање, така што често патувал низ селата, претставувајќи се како нечиј роднина, пријател или тровец

- Неколкупати успешно ги одбегнал полициските заседи, но на 17 јануари 1939 година бил опколен во куќата на еден негов пријател во селото Сливени и уапсен
- По долго мачење во визбите на безбедноста во Костур, бил изведен пред судот, заедно со уште неколку комунисти
- Осуден е на строг затвор од шест месеци на островот Егина и на уште три години интернација во злогласната крепост Акронавплија, на Пелопонез.



# УЧЕСТВО ВО НОБ

- Капитулацијата и првите денови од окупацијата на Грција од германско-италијанските и бугарските војски, Трповски ги дочекал како затвореник. Меѓутоа, со еден вешт потег на еден од затворениците - дедо Неделко Попнеделков од Солун, успеале да избегаат 27 комунисти (Македонци и Грци), меѓу кои и Лазо Трповски

- По ослободување од затворот, Трповски бил испратен во Егејска Македонија, каде што бил одреден за инструктор на Покраинскиот комитет на КПГ за Македонија

- Во пролетта 1943 година Трповски формирал посебен македонски одред

- Лазо Трповски не доживеал да го види разгорот на НОБ

- На одење за Солун, надвор од селото Хејбели (Имера), Кожанско, Лазо заедно со други шестмина, меѓу кои двајца членови на Покраинскиот комитет, на 11-ти Април 1943 година паднале во заседа.

# Обележја

- Во септември 1943 година, неколку месеци по неговата смрт, во Костурско бил формиран партизанскиот одред составен од Македонци, кој во чест на Лазо Трповски бил именуван според неговото име
- Во спомен на неговите херојства, тој е опеан во народната песна „Песна за Лазо Трповски“.

***Песна за Лазо Трповски***

Денес Трповски се проштава
со планина и долини.
Стани, Трповски, од гроба,
ај стани, стани, другар, ти!
Де остави твои другари,
по осои неприбрани.
Стани, Трповски, од гроба,
ај стани, стани, другар, ти!
Твојта снага не угасна,
твојто име порасна.
Стани, Трповски, од гроба,
ај стани, стани, другар, ти!

# ЗА УЧИЛИШТЕТО

- Почетоците на воспитно-образовната и педагошката дејност на училиштето ,,Лазо Трповски“ се во 1969/70 година, во новоизградената зграда. Училиштето е лоцирано во средишниот дел на Карпош 3 на ул „Радика“ бр.9.

- Секоја година на 11-ти Април, нашето училиште го слави својот патрон, големиот херој Лазо Трповски.
- Нашето училиште покра дворот има и мало катче наречено Fontana Club Каде што секо после часови или на одмор може да го посети, а исто така се употребува и за некои настани,како еко-училница или училница на отворено
- Најпознати личности кои учеле тука се: Калиопи Буклевска, Дарио Панковски и Тања Кочовска и Лидија Кочовска.



Учебна година;
2022/2023
*Изработено од:*
- Клара Еленова IXБ
-Лина Шапкарова IXБ

